- Сектор за управување со човечки ресурси -

Архивски број: 04- 1709/11
Датум: 03 -06- 2026

Врз основа на член 52 од Законот за административни службеници („Службен весник на РМ“ бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16, 11/18 и „Службен весник на РСМ“ бр. 275/19, 14/20, 215/21, 99/22 и 208/24), државниот секретар на Министерството за финансии ја донесе следната

# О Д Л У К А
## за избор за унапредување на административен службеник

1. По интерниот оглас број 2/2026 за унапредување на административен службеник во Министерството за финансии, објавен на веб страната на Министерството за финансии и Агенцијата за администрација, од предложената ранг листа за работното место Раководител на Одделението за буџети на единиците на локалната самоуправа, Одделение за буџети на единиците на локалната самоуправа, Сектор за буџети и фондови - 1 извршител, се врши избор на следниот кандидат:

- Александра Петкановска Трпеска.

2. Државниот секретар на Министерството за финансии во рок од 5 дена по конечноста на одлуката, ќе донесе решение за унапредување на административниот службеник од точка 1 на оваа одлука.

3. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

На ден 21.05.2026 година на веб страната на Министерството за финансии и Агенцијата за администрација, беше објавен интерен оглас за унапредување на административен службеник во Министерството за финансии за работното место Раководител на Одделението за буџети на единиците на локалната самоуправа, Одделение за буџети на единиците на локалната самоуправа, Сектор за буџети и фондови - 1 извршител.

Во врска со наведениот оглас и работното место, Комисијата за селекција за унапредување на административни службеници во Министерството за финансии, формирана со Решение бр. 04-1709/6 од 01.06.2026, спроведе административна селекција и изготви Записник заведен под бр. 04-1709/8 од 02.06.2026 година во кој е констатирано дека има аплицирано само еден кандидат, по што државниот секретар на ден 02.06.2026 година спроведе интервју и за истото е составен Записник заведен под бр. 04-1709/9 од 02.06.2026 година.


Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 622
www.finance.gov.mk
MQS
Partner of Quality Austria

Комисијата врз основа на бодовите од административната селекција и бодовите од интервјуто содржани во Записникот заведен под бр. 04-1709/9 од 02.06.2026 година, изготви финална ранг листа на интервјуираните кандидати и предлог одлука за избор на прво рангираниот и единствен кандидат со бр. 04-1709/10 од 02.06.2026 година и истата ја достави до државниот секретар.

Согласно со член 52 став 1 од Законот за административни службеници „Во рок од три дена од добивањето на предлогот секретарот, односно раководното лице на институцијата во која не се назначува секретар, е должно да донесе одлука за избор".

Согласно со член 52 став 6 од истиот закон „Секретарот, односно раководното лице на институцијата во која не се назначува секретар, во рок од пет дена по конечноста на одлуката, донесува решение за унапредување на административниот службеник".

Имајќи го во вид горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа одлука незадоволниот кандидат може да поднесе жалба до Агенцијата за администрација - Комисија за одлучување по жалби и приговори на административните службеници во втор степен, во рок од 8 дена од денот на приемот.

ДОСТАВЕНО ДО:
- кандидатот;
- персоналното досие;
- Архивата на Министерството.

Државен секретар
д-р Андриана Матлиоска

Изработил: Мислиме Џековиќ
Контролирал: Кимет Куртиши
Лилијана Стојановска
Одобрил: Верица Стоилова
Проверил: Михајло Михајловски


Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев" бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 622
www.finance.gov.mk